## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ПОЧЕСЕН ДОКТОР НА НАУКИ ОД ОБЛАСТА НА МЕНАЏМЕН НА ПРИРОДНИ РЕСУРСИ ЗА КАНДИДАТОТ ЕНДИ Д. ПЕЈКОФ

Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, на седницата одржана на 29.1.2015 година, го прифати предлогот на ректорот на Универзитетот за доделување на титулата почесен доктор на науки од областа на менаџментот на природните ресурси за кандидатот Енди Д. Пејкоф и формира Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Вojo Мирчовски, претседател, проф. д-р Трајко Мицески, член и проф. д-р Блажо Боев, член.

Комисија врз основа на прегледот на активностите на кандидатот Енди Д. Пејкоф го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатот **Енди Д. Пејкоф** е роден на 9 август 1938 година во Бафало, Њујорк, каде што завршува основно и средно образование. Во учебната 1954/1955 година се запишува на Универзитетот во Бафало, на Факултетот за хемиско инженерство. Поради огромниот ентузијазам што го имал во делот на претприемништвото и менаџментот, во 1963 година на 35-годишна возраст ја основа компанијата „Niagara Bottling“. Енди Д. Пејкоф е почесен конзул на Република Македонија.

„Нијагара ботлинг“ („Niagara Bottling“) е фамилијарен бизнис и од основањето (основач Енди Д. Пејкоф во 1963 г.) до сега, за период од 50 години успешна работа, се искачил на ниво на најголем снабдувач на вода во шише во Соединетите Американски Држави, благодарение на прецизно утврдената стратегија, користењето на напредната технологија за полнење и иновативниот дух.

Станува збор за компанија која се одликува со јасно поставена визија, мисија и цел во работењето. Практикува силен менаџмент втемелен на високи вредности и претприемачки дух што се огледува во примената на нови технологии, иновативност, отвореност кон предизвиците на новото време, флексибилност, проактивност и секако, развиена свест за прифаќање на проблемите и неуспесите како составен дел од работењето од кој може повеќе да се научи, наместо да се обесхрабри. (*Андреј (Анди) Пејков*: *„Моите родители ме научија дека клучевите за среќен живот се цврсти семејни вредности, силна работна етика и заштеда за својата иднина. Што и да правите, држете се до тоа. Бидете постојано зафатени, направете го тоа сами. Не чекајте. Проблемите се наши пријатели на патот кон успехот”.)*

Со вградена традиција за одржување на висок квалитет на производот оваа компанија е позиционирана на пазарот по пат на стратегија на одржување на ниски трошоци во работењето. Еден од начините е примена на алтернативни извори на енергија (користење на соларната и геотермалната енергија), како современи решенија, кои освен врз заштеда на трошоците се одразуваат и врз одржувањето здрава животна средина. Примената на современи решенија ја прави компанијата општествено одговорна во делот на намалување на негативните општествени екстерналии од работењето и учество во одржувањето на здрава и одржлива животна средина. Во постојана потрага на современи и напредни технологии, со цел подобрување на производството „Нијагара ботлинг“ („Niagara Bottling“) користи еколошко пакување на производите како замена за стандардното. Освен што ја намалува зафатнината на производот, се намалуваат трошоците за транспорт и складирање, ваквото решение има директно влијание врз намалување на штетните ефекти врз животната средина со намалување на емисијата на $CO_2$ во природата. Компанијата се одликува и со користење на иновативни решенија во делот на транспортот. Преку примена на развиена рута од ефикасни транспортни правци компанијата постигнува намалени трошоци за транспорт, помала емисија на штетни гасови во опкружувањето и оптимизирање на испораката на посвежи производи до потрошувачите.

Квалитетот на производите го постигнува преку примена на напредна технологија на пакување вода во шише, вложување во лаборатории за контрола на квалитетот во сите производни погони, вграден систем за автоматска дигитална проверка на квалитетот, придржување кон HACCP стандардите, редовна ревизија спроведена од надворешни овластени тела и сл.

Оваа компанија практикува тимска работа и е во постојана потрага по креативни индивидуи кои со оригиналноста на своите идеи можат да придонесат за развојот на компанијата.

„Нијагара ботлинг“ („Niagara Bottling“) е бренд изграден на долгогодишна традиција со втемелени вредности и како таков е присутен во повеќе сегменти од општественото живеење. Во таа насока „Нијагара ботлинг“ („Niagara Bottling“) се одликува со сопствена програма за стипендирање на високото образование на истакнати поединци, а преку постојани донации се јавува и како активен субјект во делот на намалување на последиците од природни катастрофи (ураганот Сенди, Колорадо поплавите, цунамито во Јапонија и сл.). За таа цел е поврзана со повеќе хуманитарни организации и тела, како што се Американскиот црвен крст, Агенцијата за управување со итни случаи и сл. „Нијагара ботлинг“ („Niagara Bottling“) има развиено широка палета на партнерства и соработка со бројни добротворни организации и спроведува активни кампањи со цел внесување на промени и подобрување општественото живеење во различни сегменти.

Сето ова ја прави „Нијагара ботлинг“ („Niagara Bottling“) компанија со единствена понуда на пазарот која вклучува висок квалитет на производот, ниски цени и квалитетна услуга.

Фабриката „Нијагара ботлинг“ („Niagara Bottling“) е најголема компанија за пакувана вода за пиење во САД и најголема приватна компанија за етикетирана пакувана вода за пиење на западната хемисфера. Компанијата е во фамилијарна сопственост од 1963 година, нејзиниот сопственик Андру Пејкоф (сениор-постариот) се преселил во Калифорнија како млекар во 1961 г. Во 1963 година ја основал неговата компанија за вода, испорачувајќи висококвалитетна вода по ниска цена во шишиња од 15 литри за домаќинствата и службите, а како магацин ја користел својата гаража.

Во 1967 година „Нијагара“ го отворила своето прво седиште. Во 1988 започнале со полнење на шишиња од 3 литри и во 1994 год. ја купила првата машина за изработка на полиетиленски шишиња од 3 литри. Во 1988 компанијата започна технолошка револуција во индустријата со вода преку инвестирање во инјекција и правење пластични шишиња со што го изготвија најлесното ПЕТ шише во Северна Америка. Како што компанијата растеше, тие се проширија и почнаа да нудат единични приватни етикети и брендирани шишиња вода на трговците притоа со истиот фокус на престижна комбинација од квалитет, цена и услуга. Растот продолжуваше и денес компанијата има 20 бранши кои се така географски распределени со што се на услуга на секој поголем трговец во САД.

По повеќе од 51 година, со производствен капацитет од преку 30 билиони шишиња вода годишно, Нијагара е индустриски лидер во брзо автоматизирана технологија за пластика, вклучувајќи вертикална интеграција и развој на светски најлесните шишиња и чаши. Ние сме пионери и во многу други иновации вклучувајќи ги нашите пакувања со кои што се намали употребата на картони и се сочуваа милиони дрва.

Нијагара ја добија наградата за најдобра ПЕТ технолошка иновација во 2009 заради Еко 3 дизајнот на шишиња, како најиновативно технолошко достигнување во ПЕТ индустријата. Во 2014 г. Енди Д. Пејкоф беше примен во Светскиот хол на славните пакувана вода за пиење заради неговата визија и посветеност што имаше огромен ефект: намалувањето во пакувањето и другите ефекти ја намалија цената со што трговците може да понудат флаширана вода на потрошувачите по многу пониска цена од што некогаш можело да се предвиди.

**МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ**

Имајќи ги предвид огромните достигнувања на г. Енди Д. Пејкоф во областа на менаџментот на водите за пиење, како дел од природните ресурси, како и неговиот огромен иновативен дух кој доведе до енормно намалување на цените на пакувана вода за пиење со воведување на технологиите на лесна пластика, комисијата има чест да му предложи на Универзитетскиот сенат да му ја додели титулата почесен доктор на науки од областа на менаџментот на природните ресурси на г. Енди Д. Пејкоф, основач на компанијата „Нијагара ботлинг“ („Niagara Bottling“), една од најголемите и најуспешните компании за пакувана вода за пиење во САД.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Војо Мирчовски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Трајко Мицески, редовен професор, с.р.**
**Д-р Блажо Боев, редовен професор, с.р.**